РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата доставено е Барање за мислење преку web формата на ДКСК.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Судирот на интереси е дефиниран во член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „(3) Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.“

Согласно член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „Под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица и **вработените во јавниот сектор**.“

**Со оглед на тоа дека Државната комисија не располага со документација во однос на работните задачи на лице вработено во Јавно претпријатие, кое треба да биде/е назначено за надворешен член на Комисија за урбанизам во општина, имајќи ги во предвид надлежностите на таа комисија како и дејноста на Јавното претпријатие, Државната комисија смета дека во конкретната ситуација постои потенцијален судир на интереси.**

**Дополнително Државната комисија е на став за постоење на потенцијален судир на интереси, од причина што лицето врши проектирање во приватна фирма која проектира градби на територијата на истата општина.**

**Имено, доколку лицето е назначено за член на Комисијата за урбанизам во општината може да се доведе до ситуација да тој потенцијален судир на интереси премине во фактички судир на интереси, односно може да дојде до злоупотреба на службената должност за приватни цели.**

Со член 72 став (1) и (2) од истиот Закон е регулирано како секое службено лице треба да постапува во ситуација кога ќе се најде во состојба на судир на интереси:

Член 72 став (1) и (2)
„(1) Службеното лице во своето работење, е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.
(2) Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, **службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен.**“

Понатаму, при вршењето на службените должности како вработено лице во ЈП Куманово План потребно е да го има во предвид и Начело на интегритет:
„(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.
(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.
(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице“.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk